РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2008 Бр. Q-1091/0

Бр./Nr 12-1884/3
11-09-2020 г./v.

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител - ---------------------------, на ден 22.11.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, на продолжението на 38-та седница одржано на 10.09.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предмет оформен по пријавата поднесена од познат подносител - ---------------------------, на ден 22.11.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, заведен под број на предмет 12-5328/1 од 22.11.2019 година, во која се укажува на сомневање за незаконско работење на „Акционерско Друштво од областа на трговијата ЦЕНТРО увоз-извоз Скопје - во стечај", односно се укажува на селективна исплата на побарувања за неисплатени плати.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-5328/1 од 22.11.2019 година, поради непотврденост на наводите содржани во пријавата.

Предметот со број 12-5328/1 од 22.11.2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-5328/1 од 22.11.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител - -----------------------------.

Во пријавата се укажува на сомневање за незаконско работење на „Акционерско Друштво од областа на трговијата ЦЕНТРО увоз-извоз Скопје - во стечај", односно се укажува на исплата на побарувања за неисплатени плати само на одреден број доверители. Имено, станува збор за група вработени кои во моментот на поднесување на пријавата во ноември 2019 година, сè уште ги немаат намирено своите побарувања за неисплатени плати за месеците април – ноември 1993 година.

Државната комисија за спречување на корупцијата оформи предмет по оваа пријава и заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет побара од Основниот суд Скопје II да достави информација за постапката на „Акционерско Друштво од областа на трговијата ЦЕНТРО увоз-извоз Скопје - во стечај" во однос на намирување на побарувањата на вработените за неисплатени плати и конкретно за лицето ---------------- која има поднесено Пријава за побарување по основ на неисплатени плати во декември 2002 година.

Од страна на Основниот суд Скопје II е добиен одговор на барањето во кој е наведено дека врз основа на барањето на ДКСК судот се обратил со Заклучок до стечајниот управник ----------- да достави известување за --------------------------------------- и да наведе дали истата навремено поднела пријава на побарување во отворената стечајна постапка над стечајниот должник АД Центро во стечај и дали истата е доверител со утврдено побарување и дали е исплатена од страна на реорганизаторот на должникот. Во продолжение, судот известува дека стечајниот управник го известил дека лицето ------------ како поранешна вработена во АД Центро е евидентирана на стр.---, реден број ------ во решението за утврдени и оспорени побарувања СТ ----------- од 10.03.2003г. на овој суд како доверител со оспорено побарување. Истата до стечајниот управник нема доставено друго решение или пресуда за евентуално признавање – утврдување на оспореното побарување, така што ова лице е со статус на доверител со оспорено побарување и од тие причини не е исплатена од страна на санаторот – реорганизаторот на должникот.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека наводите во пријавата за селективна исплата на побарувања се непотврдени, односно станува збор за доверител со оспорено побарување, поради што оцени дека истата не содржи елементи за нејзино натамошно постапување согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК:
Изработил: м-р Билјана Каракашова Шулев, Советник
Одобрил: м-р Владимир Георгиев, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**